**20111603515**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 21-а став (3) од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/01, 50/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10, 24/11, 55/11 и 135/11), министерот за финансии, донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА АКЦИЗНО-ПОВЛАСТЕНО КОРИСТЕЊЕ, ОДНОСНО НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА АКЦИЗНО-ПОВЛАСТЕНО КОРИСТЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за издавање одобрение за акцизно-повластено користење, односно на решение за одбивање на барањето за издавање одобрение за акцизно-повластено користење во рокот утврден во членот 21-а став (1) од Законот за акцизите.

Член 2

Барањето заради недонесување на решение за издавање одобрение за акцизно-повластено користење, односно на решение за одбивање на барањето за издавање одобрение за акцизно-повластено користење се поднесува на образец – „Барање заради недонесување на решение за издавање одобрение за акцизно-повластено користење, односно на решение за одбивање на барањето за издавање одобрение за акцизно-повластено користење “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20 - 34528/5
11 ноември 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ПРИЛОГ

ДО ПИСАРНИЦАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКА УПРАВА

БАРАЊЕ

заради недонесување на решение за издавање одобрение за акцизно-повластено користење, односно на решение за одбивање на барањето за издавање одобрение за акцизно-повластено користење

Од_______________________________________________________________
(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на барањето)

_________________________________________________________________
(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, согласно рокот утврден во член 21-а став (4) од Законот за акцизите да постапите по барањето за донесување на решение за издавање одобрение за акцизно-повластено користење поднесено под број ________________ од ______________ година до Царинска управа, чија копија ви ја доставувам во прилог.

| Место и датум | Подносител на барањето |
| --- | --- |
| ______________________ | ____________________________________ |